Врз основа на член 10 и член 127 од Законот за високото образование („Службен весник на РСМ“ бр. 82/18 и измени), како и член 60, 95 и 96 од Статутот на Бизнис академија Смилевски – БАС, Органот на основачи на Бизнис академија Смилевски – БАС, Органот на основачи на 20.04.2026 година, го донесува следниот

**ПРАВИЛНИК ЗА ШКОЛАРИНИ И ДРУГИ ФИНАНСИСКИ НАДОМЕСТОЦИ НА СТУДЕНТИТЕ НА БАС**

# I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите, начинот и висината на школарината и другите финансиски надоместоци на студентите за реализација на студиска програма на БАС.

**Член 2**

(1)Учество во трошоците за студирање (во понатамошниот текст: школарина) претставува финансиски надомест кој студентите го плаќаат за користење на образовните услуги и реализација на студиската програма на БАС, до завршување на студиите во рамки на еден циклус.

(2)Административните надоместоци за дополнителни услуги претставуваат финансиски надоместоци кои студентите ги плаќаат за користење на услуги од административен карактер на БАС, утврдени со Одлука за висината на надоместоците за дополнителни административни услуги

# II. СТАТУС И КЛАСИФИКАЦИЈА НА СТУДЕНТИ

**Член 3**

(1) Студентите на БАС се класифицираат според:

1. нивото на студии (прв и втор циклус на студии)
2. начинот на студирање (редовни и вонредни студенти)

(2) Студентите на прв и втор циклус имаат статус на редовен или вонреден студент.

.

# III. УТВРДУВАЊЕ НА ШКОЛАРИНА

**Член 4**

(1) Висината на школарината се утврдува со Одлука донесена од Основачите на БАС, на предлог на Менаџерскиот тим на БАС, за секоја студиска година.

(2) Висината на школарината се објавува во Конкурсот за упис на студенти на прв и втор циклус на студии на БАС, за секоја студиска година.

**Член 5**

(1)Школарината се утврдува врз основа на:

1. студиската програма;
2. циклусот на студии;
3. начинот на студирање (редовен или вонреден, студент на далечина или синергирање).

(2) Висината на школарината се разликува во зависност од специфични услови утврдени со општите акти на БАС.

(3)Попустите, олеснувањата и другите финансиски услови се уредуваат со Одлука за висината на школарината на прв и втор циклус на студии на БАС, која се донесува за секоја студиска година.

# IV. ДОПОЛНИТЕЛНИ НАДОМЕСТОЦИ

**Член 6**

Покрај школарината, студентите плаќаат надоместоци за административни услуги, утврдени со Одлука за висината на надоместоците за дополнителни административни услуги, која се донесува за секоја студиска година.

# V. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

(1) Школарината се плаќа:

1. еднократно,
2. на рати - согласно Одлуката за висината на школарината на прв и втор циклус на студии на БАС.

**Член 8**

(1) Неплаќањето на школарината резултира со:

1. привремено ограничување на студентските права,
2. административни мерки согласно општите акти на БАС

# VI. ОСЛОБОДУВАЊА, ОЛЕСНУВАЊА И ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ

**Член 9**

(1) Одредени категории на студенти можат да остварат намалување, ослободување или

други олеснувања во однос на школарината и другите финансиски надоместоци, согласно општите акти на БАС и важечките законски прописи.

(2) Олеснувањата од став (1) се однесуваат на:

1. студенти – добитници на стипендии;
2. студенти од социјално ранливи категории;
3. студенти со посебен статус утврден со закон или општ акт на БАС;
4. други категории утврдени со одлука на надлежен орган.

## VII. НАДЛЕЖНОСТ

**Член 10**

Одлука за висината на школарината донесуваат Основачите согласно со Статутот и Законот за високо образование, на предлог на Менаџерскиот тим на БАС.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.